**Извештај со резултати од самоевалуацијата ноември – декември 2018 год.**
**Подрачје бр.1 – Наставни планови и програми**

Според анализата на мислењата за постоечките наставни планови и програми во одделенска и предметна настава, потребни се подобрувања и тоа:

- Потребата од понатамошно **намалување на големината на наставните содржини.**
- Програмите по некои предмети не се прилагодени на способностите на децата.
- Наставните теми се најчесто премногу опширни и проптеретени со факти и поими кои не се применливи и релевантни за секојдневниот живот.

Редукција на истите ќе доведе до поголеми можност **за користење на модерни методски пристапи,** а со тоа и ослободување на простор за креативна работа, практична работа, изработка на плакти, постери и сл.

Со цел учениците да се растеретат од наставните програми, според мислењето на наставниците потребно е во наставните планови да се **планира времето за утврдување на научените содржини и вежби,** а за да се задоволат развојните потреби и можности на учениците да се **воведе поголема индивидуализација во програмите и воспоставување на програми за деца со посебни образовни потреби** (надарени и талентирани како и деца со потешкотии во учењето).

Да се даде **поголема слобода на наставникот во реализација на програмата** со цел да се овозможи поголема креативност во креирањето на наставните теми како и во пристапот на обработка на истите како и во длабочината на обработка на поедини теми.

Да се обработуваат содржини и да се предложуваат методи и постапки кои ќе **побудат интерес кај учениците, ќе делуваат мотивирачки и ќе ги јакнат вештините на самостојно учење, истражување и креативна работа.**

Предност да се даде на активното учење, истражувачкиот пристап во учењето преку вonнаставни активности и подобрување на условите на работа со нагледни средства.

Меѓупредметната корелација да биде повеќе застапена со цел наставните содржини преку интегрирани часови се поврзат по хоризонтала и вертикала во планирањата на наставниците.

**Координатор на тимот**

-----------------------------------

**/пред. наставник Васко Ристевски/**

Васко Ристевски